# ВИА ЕГНАЦИЈА
## ЗАКЛУЧОЦИ

Виа Егнација е инфраструктурен зафат со кој Римјаните одредуваат и организираат тргнувајќи од втората половина на вториот век пред Христос една милениумски правец за комуникација Исток-Запад меѓу Долен Јадран и Северен Егеј. Патот, како што сведочи Страбон [1223], го имаше како точка на разгранување на западниот крај, на јадранскиот брег, градот Аполонија. На Виа Егнација се поврзува еден пат што доаѓа од *Epidamnos* (Dyrrachium), конвенционално именуван во проучувањата како северна гранка на Виа Егнација, во една точка оценет од Страбон, на еднаква оддалеченост меѓу двата града, што, барем во перидот кога биле напишани двата итинерари содржани во целост во Itinerarium Provinciarum, коинцидираше или пак ја имаше како станица (со помали војнички или полициски посади), веднаш во наредниот локалитет на Clodiana, квалификувана како попатна станица за одмор и ноќевање Coladiana, во еден трет извиор на итинерариите, во l'Itinerarium Burdigalense.

Откако се соединуваат повторно двата патишта во една патека таа се слева со средната долина на Shkumbin достигнувајќи дури во близината на височинката на Sopi Polis, во зоната на Haxhi Beqarit, каде што античкиот пат бил присилен, од морфологијата на на долината, да минува од десниот на левиот брег на Shkumbin.

Сигурно од оваа зона, но можеби повеќе кон долината, патот бил наречен, викан според пишувањето на Страбон, ἐπὶ Κανδαουίας, пат на Candavia, според името на една илирска планина. Оваа делница на патот го пресечуваше токму планинскиот регион што треба да сметаме дека за античките се проширил барем во регионот на езерата на Lychnidòs (Охридското езеро, Голема и Мала Преспа). Од Лихнидос патот продолжува кон планинските премини вдолж коишто оди границата меѓу Illyricum и Macedonia. Преку нив патеката патеката

овозможува приодот кон една околија на Северна Македонија, Lyncestide, и во нејзиниот главен центар Herakleia Lynkestidos, каде користи уште една патека, од значајниот патен јазол Стоби.

Виа Егнациа, потоа достигнува и до Воден/Edessa, што значи дека преку македонската рамница, преку Постол/Pella стигнува до Солун/Thessalonica. Градот на топлиот голфски залив е сместен само на половината од патот кој завршува во Cipsela на Ебро и кој потоа продолжува до Bisanzio.

Во овој негов патен правец, откако му е даден еден широк радиус, патот наидува на многу различни морфолошки конфигурации: од земјишта во рамнината до рабовите на мочурливата зона на Myzeqe на речните тераси на Шкумбин и на бреговите на езерата, од преминувањето на седлата/превоите меѓу ниските ридести системи на тешките угорници на страните на планините коишто следат, напати, брзи удолнини. Сепак, римските инжењери коишто го граделе патот успевале да ги избегнат, со исклучок на одделни неизбежни ситуации, одовите што се карактеризираат со остри скокови на нивото. На трасата на Виа Егнациа откриваме очигледно почитување на оние принципи коишто се покажуваат како основни принципи на техниката на градење на патишта од Римјаните: постигнувањето на различни цели на најдиректен начин, поволно и можно економично, над се поради тоа што имале цели на долги патеки во прв план, а потоа иасклучување на почвите подложни на поплави и уште и бескорисните силувања на земјиштето.

Иако Виа Егнација била еден од најважните патишта за комуникација на римскиот свет и два века археолошки истражувања и на насобрани студии во една огромна библиографска стратиграфија, сепак, постоечката состојба на познавање на патеката е, за жал, доста далеку од дефинирањето за задоволувачка. Во тој поглед не одговара можеби целосно на вистината ниту она што Wilkes потврдува во воведот на Map 49 Illiricum на Barrington Atlas of Greek and Roman

World[1224] или пак "Recent investigasions in Albania, the FYROM and Greece have established the laine of dhe road in manu places. Also now identified are the location of most of the stationes listed by itineraries". Има тука, фактички, на пример целосни непознаници, не само во детали на правецот туку дури и на општата линија следена од патот меѓу Kuc и Muriqan. Инаку, премногу често брзо се совпаднува секоја реконструктивна претпоставка на патеката со одот следен од модерните патишта[1225] додека оваа околност искрснува само во случаите во кои фактички физичката конфигурацијата на територијата го обврзува патниот правец во тесни подрачја.

За да биде веројатно, уште од бронзената епоха, како што не тера да заклучиме живата металуршка активност, во регионот што го пресечува западната делница на Виа Егнација една редица на патеки што ги ставаат во однос на континуиран начин лежишта, работилници, места за снабдување со животни намирници, пазари, пристаништа (213), обидите за индивидуализација на патеките и за грчкиот, македонскиот и илирскиот период, дури и на вистински и својствени патни работи немаат досега продуцирано резултати. И така и обидите да се направи веродостојно постоењето на структурирање на поплочувања што се однесуваат на илирското владеење и оние што стремат да му припаѓаат на хронолошкото врамување од фазите на градење што им претходеа на зафатите на Римјаните а, на аналоген начин, на оние идните што не изгледаат соодветно поткрепени со истражувачки ископи, но, се засновуваат исклучително на макроскопски набљудувања на трасите и мерењата понекогаш несогласни со нивната широчина. Shtylla, [1226] којшто ги резимира тезите на Ceka и на Papajani, [1227], ги смета за предримски (илирски), на пример, видливите остатоци кај Gurat и Zeza di Xhyres и еден дебел подѕидан ѕид во близина на Qafe Thane со мотивација дека нивната широчина (1,2-1,8 м) ќе дозволува само поминување на коњи и на товарни животни, а не на коли. Уште Hammond ги истакнал границите на овие обиди за

поврзување на широчината на овие делници и нивниот тек во фазите на изградбата.[1228] Во врска со ова изгледа тешко дека илирското царство на Агрон , а потоа, на неговата сопруга Теута дека успеал да развие статусни структури само кон половината на третиот век доколку успее да отвори простор за работите на поплочување на патиштата на една територија врз која не е извесно дека вопоставил своја контрола. Поинакво е прашањето што се однесува на македонската епоха. Всушност е сигурно дека одделни делници на патот кој потоа ќе стане Виа Егнација, како оној преку теснецот Kirli Derven, биле ограничени и омеѓени од horoi (орос тис одоу) и од патни камења за обележување на оддлеченоста по фази. Мкедонците сигурно извршувале зафати за одржување и поправки на патиштата во 190 година пред Христос, за времето на Филип петти за да го олеснат, како што било во подробности барано од Римјаните, поминувањето на конзулот Lucio Cornelie Scipione. Единствено четиво за еден веројатен македонски инфрастурктурен зафат во зоната на истражување е онаа што се однесува на мостот на Topcias, направен од Hammond, кое, меѓутоа од неодамна повторно е ставено на дискусија како резултат на едно археолошко истражување со кое го расчистија рачното градење во времето на Римската епоха.[1229]

Римјаните, веројатно, не се користеле со претходните градежни искуства. Нивните зафати се поврзуваат, како и целото иноваторство, со адекватни претпоставки, кодифицирани со претпоставеното познавање (на економијата, географијата, етнографијата, геометријата) и на организацијата, и самите способни за доследно редефинирање на териториите со новите институционални и територијални реалности. Претходните кривулести текови на патиштата бидуваат заменети, благодарение на мелиорирањето на мочурливите краишта, со долги праволиниски патишта кои напати ги запоставуваа претходно постоечките центри и одат да одредуваат нови симетрали на населување. Понекогаш претходните патеки бидувале поплочени. Водните текови бодуваат совладувани со камени мостови. Заради

поминување преку одделни простори се прибегнува кон изградба на надвозници и на ***потпорни ѕидови.***

Римјаните создале простор за изградба на патот веднаш по или најдоцна во кварталот на наредниот век со преземање на мерките накратко изложени од Floro *Metello ordinant icum maxime Macedoniae statum* преку кои се даваат правила за решавачките настани на двете години 148-146 година пред Христос за Провинцијата Македонија и се остваруваат сите политички и правни услови за искористувањето на земјата од страната на новите окупатори.

Во овој хронолошки лак особено околноста, приложена од Страбон, дека патот бил xxxxxxxxxxxx (грчки зборови) би можела да привлече едно точно исполнување на *leks Sempronia Viaria*[1230] што, меѓу другото, гоофицијализира и го прави задолжително присуството на камења граничници/миљокази. Меѓу другото, градбата на патот Domizia[1231] во втората половина на вториот век пред Христос, би можела повторно да ги доведе во еден единствен временски и стратешки контекст двете замислени и изгрдаени инфраструктури речиси, истовремено да ги опатат новите територии коишто Римјаните отишле да ги стекнат во басенот на Медитеранот.

На изградбата на новата инфраструктура, природно заедно, а не одделно и претходат, воените потреби насочени во корист на едно брзо движење на трупите, контрола на новата провинција и економски мотивации, ставање во производство, на така да се рече, новите територии и на односните населенија. Новиот пат со овој профил треба да служи за овозможување на општа економска обнова на регионот кој, по строгите мерки преземени во 168 година пред Христос беше запечатена во една состојба на тешка исцрпеност чиишто уништувачки ефекти на еден век оддалеченост Страбон се уште можел да ги оценува[1232], а коишто се забележани и во други места на историско-литературни извори од првиот век по Христос коишто опишуваат веднаш зад одделни делници на патот еден опустошен пејсаж.

Виа Егнација повторно влегува без можност за недоразбирање, а со повторното наоѓање што се случи во 1974 година во близината на Солун, во мочурливите терени нареката Галикос на еден миљоказ што го носи името на градителот, стави крај на секоја несигурност дека таа е меѓу оние патишта коишто земаат име, наместо од функцијата или од местото на дестинацијата, од нејзиниот градител или подобро речено од оној што ги поплочил според традицијата цитирана од Фесто и од Флако Сикуло[1233] што отприлика во вториот век пред Христа тврдеше *"non sunt viae, quae publice muniuntur et auctorum nominem optinent"*. Реализаторот на работата бил, вушност, римскиот чиновник Cnaeus Egnatius син на Caius, наведен на миљоказот пронајден во 1974 година, за којшто во моментот, освен името и функцијата проконзул (грчки зборови), ништо друго не е дадено да се знае.

Едноставноста на текстот, името на чиновникот во номинатив и некои подробности на ракописот, било на латински или на грчки, го наведуваат дарувањето на натписот врежан на миљоказот - во врска со тоа научниците се согласуваат - во втората половина на вториот век пред Христос.

Меѓу половината на вториот век по Христос, времето во кое се случила "*redactio in formam provinciae* на Македонија и првиот век по Христос, во кој бил составена од Страбон Седмата книга на Географијата во која е наведено името на Виа Егнација дознаваме дека се целосно потврдени во изворите само пет јавни личности по име Егнатиус поврзливи со името на градителот. Од овие само Cn. Egnatius C. f. Stell(atina tribu) поседува својства за да биде идентифициран - но тука нема сигурност - со градителот на Виа Егнатиа, и поради тоа што единствен е спомнат во врска со згодите и незгодите на Грција и откако е цитиран од Cornelius Blasio, можеби судија меѓу 175 И 160 година пред Христос, во едно писмо до жителите на Крв (Corciresi) што содржело копија на еден Senarus Consultum.

Што се однесува до наредните зафати за одржување и реставрација испитувањето на миљоказите и на рачните зафати на патиштата ги изнесува на видело активностите на Augusto на чијашто епоха можат да и се припишат изградбата на барем два моста, на оној на Strymon и оној на Topcias, на Traiano, чиишто работи на реставрација на патот via *longa intermissione neglectam* биле пристигнати преку два миљокази чијшто спомен се одржува со векови. Од миљоказите секогаш произлегува еден несомнен интерес за патниот правец од страна на Settimo Severo и од Caracalla и од владетелите на втората Tetrarchia (владетели на 1/4 од државната територија). На крајот на последните одржувања на Виа Егнатиа укажуваат и за повторното користење на постарите миљокази со натписи од епохата на Константин.

Патниот систем од римската епоха во регионот на централна Албанија се чини дека е изграден во империјалната епоха од четири главни правци, еден лунгитудинален, крајбрежниот пат од Dyrrachium и Aulon, во свое време дел од еден поширок правец кој од јужен Епир стигнувал дури до Далмација, два попречни патни правци, првиот од Северо-запад на југосисток составен од внатрешниот пат од Dyrrachium кон Antipatreia кој во натамошниот о̀д продолжуваше до рамницата на Larissa, вториот составен од Виа Егнатиа кој од Apollonia на југо-запад одеше кон северо-исток во правец на денешниот град Елбасан од каде во свое време, спојувајќи се со оден патен правец запад-исток што доаѓал од Dyrrachium, влегувал во средната долина на Shkumbin стигнувајќи во вододелницата меѓу басенот Shkumbinn и оној на Дрим.

Што се однесува на пишуваните извори, овие патни правци до денес се потврдени со шест миљокази од коишто единствени што се однесуваат на патниот правец Виа Егнациа се оние таканаречени близнаци кои потекнуваат од времето на владеењето на Каракала и се пронајдени во Струга и во Охрид.

Во поглед на таканаречените јужни и северни гранки  на Виа Егнатиа што ги има меѓу Apollonia и Dyrrakium и на градот Herakleia Lynkestidos патните извори го напоменуваат постоењето на:

1) 7 stationes (станици со помали војнички или полициски посади за контрола на патот) дислоцирани на 153 м.п. во случај да се прифати податокот за оддалеченоста меѓу Durrakium и Clodiana обезбеден од ракописот B на Itin.. Ant. 318,1);

2) 9 станици дислоцирани на 173 m.p. во Itin.. Ant. 329,5-330,3 (веројатно патот што се совпаѓа со Виа Егнација наречен токму Аполониа);

3) 16 (15) од коишто 8 mutatio (станица за замена на коњи) дислоцирани на 174 м.п. во Itinerarum Burdigalensен 606,9-607,8 (на кои треба да им се одземат 13 m.p. додадени поради оддалеченоста меѓу mansio (попатна станица за одмор и ноќевање) Coladiana i mansio Marusio ако се прифати претпоставката изнесена од Hammond[1234] дека Марусио е грешка на препишувачот што ја повторил пресвртувајќи ја и припишувајќи му една разлика на зборот mansio);

4) 10 станици во *Tabula Peutingeriana* (на којашто треба да ѝ се додат уште две кои не се наведени поради празнините со кои овој документ дошол дури до нас);

5) 8 станици сè на сè цитирани во повеќе патишта на анонимниот Ravennate;

6) Податокот наведен во компилацијата на Guidone не изгледа показлива со оглед на нејзината нецелосност;

Од овие податоци може да се заклучи дека Виа Егнација меѓу Аполонија и Хераклеја околу 173-174 m.p. е можеби обезбедена со 9 станици кои од четвртиот век по Христос се верувало дека се бројка која треба да достигне најмалку 15.

Предлозите за идентификација изнесени од научниците не изгледаат секогаш убедливи.

Беше можно со една сигурна прецизност да се идентификува трасата на Виа Егнација меѓу Аполонија и Вербес,а потоа од Mariqan до Haxhi Beqarit. На крајот од Qukes на Shkumbin до Радожда на западниот брег на Охридското Езеро. Сигурност е постигната и за античката патна делница од Драч до Hani и Goses. Во другите зони отсуството на претходни истраги или недостигот на точни податоци во врска со приликите или со прецизните локалитети каде биле извршени откритија од археолошка очевидност го попречува препознавањето на римската патна инфраструктура. На овие проблеми, општи за истражуваната зоната, се додадени и пречките кои се поставуваат на реконструкцијата а произлегуваат од природната средина: во планинската зона меѓу Babie и Kukes, подложени на распаѓање и наноси во зоните на поплави во Myzeke или во оние подложни на промени на теченијата на реките покриени, и вдолж бреговите  и на Охридското Езеро, промените на нивото во однос на морето во однос на водите на езерото.

Многу оскудни се досега цитираните податоци за топономастиката поради отсуството на претходни специфични истражувања, а оскудно е и присуството  во користената картографија на постојните топоними, но имаше начин да се наѕрат можностите да се постигнат големи резултати во ова подрачје на проучување.

Анализата на информациите, меѓу другото многу често општи, неточни и фрагментарни што се однесуваат на трасата исклучува дека Виа Егнација имала еднаква широчина по целиот нејзин тек. Мерките на широчината на патот осцилираат всушност од 6,7 м. со по некогаш вклучени банкини широки до 1 метар до 2,4 м. на одделни планински

места. Широчината, очигледно, била ограничена со *quantum ratio utilitatis permittit.* Една наведена мерка се чини онаа од 6,2 м. (можеби 21 нозе). Изгледаат потврдени *le crepidines.* Патот не бил секогаш погоден. На неговиот изглед фрла малку светлина едно сведочење на Malchus што ефикасно го дефинира правецот кој од Хераклеја водел до оној кој тогаш бил *Epirus Nova како (грчки зборови).*[1235]

Во поплочувањето, очигледно условен од материјали од време на време расположливи, биле употребувани камења со димензии од 0,50-0,70 x 0,40-0,30 x 0,15-0,10. Нема податоци, уште повеќе посакувани за идните истражувања,[1236] да го потврдуваат привлекувањето на поплочувањето на слоеви од материјали или обратно директно на земјиштето.

На крајот од оваа прва фаза преземеното проучување на Виа Егнација не се заклучи само со предиспозицијата на една спознајна основа, составена од податоци и претпоставки за работа, во поглед на една низа посакувани зафати на теренот во рамките на *Виа Егнација (Албанија) проект*, но допушти преку прегледот на авионски фотографии нови придобивки во однос на реконструкцијата на разни антички правци: посебно во зоната на Драч и Каваја, во онаа меѓу Кукс и Ќафасан и меѓу Избиште и Јанковец. Беа индивидуализирани на теренот и појаси што се однесуваат на Аполонија и Куч и меѓу Лушње и Белш (Belsh) означени за прифаќање на Виа Егнација или на евентуален правец поврзан со неа. Во овој поглед се покажува евидентно дека токму областа опфатена меѓу Thanaj Lushnje, Kuc i Cerik и онаа на која итно треба да се насочат активностите за извидување со цел да се провери постоењето барем на патни правци. Предзнак е дека Виа Егнатиа со времето повторно се појавува од земјата како во зборовите на Виргилио како кожата на оние кои по нејзината должина со векови се бореле: *Scilicet et tempus veniet, cum finibus illis / agricola incurvo terram molitus aratro / exesa inveniet scabra robigine pila / aut gravibus rastris galeas pulsabit manis / grandiaque effossis mirabitur ossa sepulcris.*[1237]

Состојбата на проучувањето, очигледно, не е меѓу понаклонетите со оглед на дадената несреќна политичка, економска и социјална ситуација во којашто се наоѓа целиот балкански регион и на тврдокорните непријателства што отсекогаш ги делат народите коишто живеат вдолж патниот правец на Виа Егнација: Албанци, Македонци, Власи, Грци, Турци. Ѕидиштата на недоразбирањето и на недовербата попречуваат во целост да се објаснат научните активности кои токму поради соочување со темите со толку широко одлагање како оние историско-територијалните толку повеќе би имале потреба од една ведра и лојална клима направена со размена на информации и со слободен пристап кон податоците од страна на сите научници. Огромни тешкотии се среќаваа во добивање на картографскиот материјал, на GIS податоците и фотографската документација на археолошката евиденција, подложена на непремостливи рестрикции и овластувања. Археолошкото истражување денес се покажува како силно условена од сенките на етничките омрази и од потребите на политичка моќ толку што тоа често завршува со привилегирање на одредени полиња на истражување, заборавајќи на други, оставајќи простор на еднообразни и делумни толкувања. Под тоа често се скриваат раузнавачки или едноставно економски активности. Но, поради тоа не треба да престанеме да се надеваме или одново да бараме соработка и пријателство, да ја надминеме взаемната недоверба, одново да ги составиме прекините и да ги исполниме растојанијата. Истата евиденција на пустошења потврдена во минатото може да биде со овој профил од помош. Во основа чудесната противречност која ја попречува секој ден нашата егзистенција и нашите општества, животот кој бара да се потврди над смртта, желбата за среќа и за мир над очајот  и уништувачките инстинкти, ја наоѓа својата позитивна вистина  и воедно нејзината можност за потврдување на секој пат. Во Егнација, како и во другите: средбата со Другиот, признавањето, почитта, слушањето, дијалогот, размената, соработката

меѓу луѓето, Братството. Принципи без кои ниедно истражување, на крајот, нема смисла.

---------------------------------------------

[1223] *Strab., VII, 7,4.*

[1224] *J.J. Wilkes, "Map 49 Illirycum. Introduction" (compiled 1995), in R. J. A. Talbert, Barrington Atlas of the Greek and Roman World, Map-by-Map Directory, Volume II, Princeton, 200, p. 749*

[1225] *La coincidenza della strada moderna con l'antico percorso è stata sostenuta in termini generici di recente per la tratta da Bradashesh e Mirakè. M. G. Amore, I. Bejko, Y. Cerova, I. Gjipali, "The via Egnatia (Albania) Project and the bridg at Topcias", JRA, 14 (2001), p. 381*

[1226] *V. Shtylla, Rruget the urat e vjetra ne Shqiperi, Tirane, 1997, p. 11, 32, 35.*

[1227] *N. Ceka-L. Papajani, "Rruga nè luginèn e Shkumbint nè kohèn antike" Monumentet, 1 (1971), p. 43-59 (specie fig. 6,7 e 8); N. Ceka-L. Papajani, "La route de la vallée du Shkumbint dans l'antiquité, Studia Albanica, 9/1 (1971), p. 95-106.*

[1228] *I am less confident about the attribution of forms of construction and types of zigzag than the authors (N. Ceka - L. Papajani), but the broad distinction between packhorse tracks and carriageable gradients can be made firmly". N.G.L. Hammond,"The western part of the via Egnatia", JRS, 64 (1974), p. 186-187.*

[1229] *N.G.L. Hammond,[Nota 175], p.191.; N.G.L. Hammond, [Nota 179], p. 25; N.G.L. Hammond, [Nota 136], p. 235. M.G. Amore, L. Bejko, Y. Cerova, I. Gjipali, "The via Egnatia (Albania) Project and the bridge at Topcias", JRA, 14 (2001), p. 389.*

[1230] *Plutarco, C. Gracc., 7.*

[1231] *R. Chevallier, Rivista di topografia antica (JAT), VI (1996), p. 25-36; G. Castellui, Via Domitia et via Augusta, Paris, 1997; per una bibliografia sulla via Domitia cfr.. R. Chevallier, Le voies romaines, paris, 1997[2], p. 331-332.*

[1232] *Strab., VII, 7,9.*

[1233] *De cond. Arg. Gromat. I, 146, 2 segg.*

[1234] *N.G.L. Hammond, A history of Macedonia v. I, Historical geography and prehistory, Oxford, 1972, p. 24.*

[1235] *Historici Graeci Minores, I, ed. Dindorfius, Lipsiae, MDCCCLXX, 412*

[236] *M.G. Amore, L. Bejko, Y. Cerova, I. Glipali, "The via Egnatia (Albania) Project and the bridge at Topcias", JRA, 14 (2001), p. 385.*

[1237] *Verg., Georg., I, 493-496.*

## 229/8. ПАТОТ МЕЃУ ЌАФАСАН И ОХРИД

F.$^{e}$ .17.I; F.$^{e}$.14.II Carta J F$^{o}$, 4-B

Откако стигнува до преминот Ќафасан, кој се наоѓа на 933 мнв. трасата на Виа Егнација, збришана од модерните патни градби, се оддалечува од онаа модерна патна траса која се спушта кон Лин насочувајќи се во правец кон Каракол и качувајќи се на повисока квота. По совладувањето на една широка кривина кон северо-запад нејзиниот правец задржува широки траси преку планински седла еден, речиси, праволиниски тек. Околу 500-600 метри откако ја поминува сегашната гранична линија меѓу Албанија и ФИРОМ, која оди на околу 4 километри од Ќафасан, стариот пат се препознава во една патека која се оддалечува од модерниот пат во правец на северо-исток. Минувајќи по местото Селиште и манастирот Св. Богородица во чија близина сè уште се видливи остатоци од калдрмата на патот (картотека бр. 195), потоа насоката на патот, по два километри, стигнува до брегот на Охридското Езеро кај селото Радожда. Од ова место античкиот пат продолжува, веројатно, во насоката на манастирот Св. Богородица во Калиште. Одовде уште продолжува кон северо-исток одејќи по стариот брег на езерото. Pouqueville споменува во оваа зона една траса од калдрма (картотека бр. 196).[1123] Остатоците од оваа делница, денес потопени, меѓу половината на 19 и првите децении на 20 век , биле уште видливи на мала длабочина во водите на езерото (картотека бр. 197).[1124] Откако поминува низ Струга (картотека бр. 178), веројатно на истото место каде Евлија Челебија споменува еден мост од дрво, реката Дрим или Црн Дрим (античкиот Drillo[1126]) најважниот воден тек во регионот, напојувач на езерото, патот продолжува кон

Охрид, град на местото од античкиот Lychnidos, минувајќи на 1 км. на југо-исток од тврдината на Св. Еразмо.

На оваа делница постои само една со сигурност идентифицирана точка: точно античкиот град Lychnidos препознат на местото на Охрид (картотека бр. 185). Еден миљоказ на Виа Егнација со натпис apo Lychnidos бил пронајден[1127] во Струга. Ако миљоказот од Струга, како што изгледа, е пронајден на самото место, осум римски миљи (11,8 км.) што натписот ги покажува, очигледно ќе бидат сметани како мерење на патниот правец меѓу градот и Охрид, покусо од она на модерниот кој изнесува 14 км. Меѓутоа, не постојат показатели за другите две конролни станици кои се означени во изворите на итинерариите за оваа делница: попатната станица за одмор и ноќевање Claudanon (картотека бр. 198) и станицата за промена на запреги Патрас (картотека бр. 199). Станицата за промена на запреги Патрас е забележана во итинерариумот Бурдигаленсе (607,4--3) оддалечен 12 миљи од станицата Cledo, или пак Лихнидос. Врз основа на податокот обезбеден од горецитираниот миљоказ станицата треба да биде барана на 4 км. m.p. на југо-запад од Струга. Растојанието, сметајќи оден патен правец од кој би сочинувале дел потопените остатоци видени (картотека бр. 197) од fon Hahn и од Цвијиќ води во близината на Калиште. Ова е и мислење на Miller[1128] кое не го дели Hammond.[1129]

### 8.1. Природни патни правци

175) Меѓу Лин и Охрид природниот патен правец се одвива покрај брегот на езерото. Посебно меѓу Калиште и Подмоље, на југо-исток од Струга, пресуството на мочурливи краишта (Струшко Поле) го прави проблематичен секој патен правец што би бил повнатре.

### 8.2. Археолошки докази

8.2.1 Населби

8.2.1. Предримски населби

176) Pishkash. Овде има означени богати лежишта на железни минерали искористувани уште од предримската фаза.[1131]

177) Лин. На високиот дел од ртот на езерото се пронајдени траги од една античка илирска населба. Има и остатоци и од една старохристијанка базилика којашто потекнува од 6 век по Христос со мозаици (водни птици, риби, пчели) што би означувале една нселба што би можела да биде датирана во доцната антика.[1132] Битракова го исклучува поминувањето на Виа Егнација овде.[1133]

178) Струга. Град сместен на излезот на Дрим од езерото. Во централната зона на градот именуван “Климентица“ била пронајдена една хеленистичка некропола подоцна зафатена од римски гробишта (фрагменти од вертикални надгробни плочи од вториот, односно почетокот на третиот век по Христос) кои го покажуваат постоењето на една населба.[1134] Меѓу другото е откриена и една мала римска некропола од доцната епоха во близина на она што веројатно е патниот правец на Виа Егнација.[1135] На југо-источната периферија на градот, на брегот на езерото, била најдена бројна римска керамика покрај остатоците на населби, кои веројатно се однесуваат на една мала крајбрежна населба. Според Хамонд во близина на Струга требало да се наоѓа илирскиот град Керакс.[1136]

На ритчињата што се појавуваат на десната страна на Охридската рамнина се наоѓаат разни утврдени центри.

179) Tatesi. Сигнализација за згради од доцната антика.[1137]

180) Делогожда. Некрополи со 120 гробишта од 6 век по Христос до средниот век.[1138]

181) Требеништа. Овде се пронајдени 13 гробови (десет војници и три жени)) датирани околу 520 година пред Христос со предмети од првиот дел на 6 век пред Христос. Присутни е и коринтска[1139]бронза.

182) Требеницште. На локалитетот Кале (Требенишко кале), во близина на селото Требеницште. На едно ритче од 1.200 метри височина, на една мала овална рамнинка на врвот кој сочинува едно многу добро место за контрола врз патиштата кои водат во рудниот басен на Дебарца и на Кичево, откриени се траги од една утврдена илирска населба потоа, во подоцната епоха окупирана од еден римски град. Долу има римски и хеленистички гробишта.

183) Требеништа. Во локалитеот Забрдо, еден км. на северо-исток од селото. Мала населба со некрополи кои потекнуваат од 4 до 2 век по Христос. [1140]

184) Вастос. Мала тврдина на 180 м. н.м.в. од која се забележува една прекрасна глетка на рамнината северно од Охридското езеро и на самиот Охрид. Забележлива е техника на четириаголна градбата на ѕидовите *isodoma*. На десната страна од населбата ѕидот се покажува со широчина од 2,20 м. Датирањето ги вклучува 5 и 3 век пред Христос.

185) Охрид. Се издига на брегот од Охридското Езеро, античко Lychnidos, главен град на илирското племе Десарети. Lychnus, Lychnidium, Lychnidus, Lychnitus, Lignido, Лихнидос, Лихнис (*грчки)*. На бугарски Achris и уште Ochri.[1141] Спомнат за првпат во времињата на Филип втори (Диод. 16,8). Во границите на доцноантичката и средновековната тврдина местото има површина од 40 хектари. [1142] Во градот и во непосредната близина се обележани бројни археолошки наоѓалишта. Меѓу спомениците е откриен и театар.

Пред доаѓањето на Римјаните Лихнидос ковал сопствени монети во бакар, со македонски штит однапред, а легендата одназад.

197 пред Христос Римјаните по победата на Филип 5, териториите во околината на Лихнидос му ги отстапуваат на илирскиот крал Плеурате.[1143]

Кон половината на вториот век пред Христос териоријата на Десаретите со Лихнидос, автономна урбана заедница, бидува опфатена во провинцијата Македонија.

Во времето на Константин градот ѝ припаѓа на провинцијата Епирус Нова[1144], а под Теодосио на бискупијата на Западен Илирик.

Во долното царство станува епископско седиште. на крајот од 5 век нападнато од Готите, решава успешно да се брани.[1145]

На почетокот на царството на Јустинијан бидува уништена од земјотрес. [1146] Остатоци од доцниот период во Беј Бунар, Дарди-Студенчишта (трибродна старохристијанска базилика со крстилница, нартекс, атриум, душеме со мозаик), Крумидиште, Трново. Некропола во месноста Панцир.[1148]

8.2.1.2 Населби од римскиот период.

8.2.1.3. Населби од доцната антика.

Кон крајот на 4 век по Христос зад артеријата се издига систем на фортификации.

186. Софра Скендербеј. Тврдина за контрола на патот кон Охрид.[1148]

187. Радолишта. На југ на источната периферија на селото, на крајот од полето на Струга се појавени мали предмети, земјени садови, римска керамика, монети од 3-4 и 6 век по Христос. Откриен е и еден погребен олтар со грчки натпис.[1149]

188. Радолишта. На околу 1,5 км. на југо-исток на селото, во рамницата, во месноста Цигански Гробишта, во близина на она што би требало да биде патот Виа Егнација темели на една голема старохристијанска црква (5-6 век по Христос) ископана во 1954-1957 (подови со мозаици, бројни доцноантички гробишта).[1150]

189. Света Богородица. Во селото близу до истоимениот манастир се наоѓа натпис на стратегот Никиа што потекнува од 1 век пред Христос, како и едно торзо на Артемида од типот Агротера што може да се датира со царскиот период.[1151]

190. Орман. Во источниот дел на селото пронајдени се бројни гробишта од 3-4 век по Христос. Во месноста Кајнак, во рамницата, на околу еден км. на југ од селото, пронајдени се темели на една старохристијанска црква, градежен материјал, фрагменти од подов со мозаици (5-6 век по Христос). Во месноста Патерица, во рамницата, на брегот од езерото, 1,2 км. на југ од селото, била пронајдена една голема некропола од 3-5 век по Христос. Во месноста Маалски Рид, 1,5 км. на југо-исток од селото, се појавени траги од селска населба со гробишта изградени со камени плочи.

191. Орман. Габавци. Во месноста Св. Еразмо-Кулиште, 1,7 км. на запад-север-запад од селото идентифицирана е населба на височина од 1.000 м.н.в. На северо-западната страна се присутни одбрамбени ѕидини од квадратни блокови од 3 м. (долги околу 240 м., широки 3 м. со четири кули). Веројатно била во употреба меѓу 5 и 3 век пред Христос. Цитаделата можела да сочинува заклон на блискиот Лихнидос и претставува една од најзабележливите тврдини на регионот.[1152]

Споменични пост-антички евиденции (од интерес за реконструкција на патот):

192. Цркви на Св. Ѓорѓи и Св. Никола Дримени. Изградени на брегот на езерото меѓу 12 и 14 век  изгледаат денес потопени како показ на еден пораст на нивото на езерото во скори времиња.[1153]

8.2.2. Миљокази

193) Струга. Во оваа месност  е прнајден еден миљоказ со името на Каракала датиран меѓу 10 декември 216 и 8 април 217 по Христос.[1154] Идентичен е на миљоказот најден во Лихнидос. Денес се чува во црквата Св. Ѓорѓи и е познат како “миљоказ близнак“.[1155]

194) Охрид. Во оваа месност е пронајден миљоказ со името на Каракала датиран меѓу 10 декември 216 и 8 април 217 по Христос.[1156] Идентичен е на миљоказот најден во Струга, а се чува во локаклниот археолошки музеј.

8.2.3. Делници на патот

Античката траса меѓу Радожда и Охрид, можејќи да се користи со едно пониско ниво од езерото, би можела да биде покуса од онаа на модерниот.

195) Радожда (24 км. од Охрид). Во близина на границата меѓу Албанија и Македонија, уште се целосно видливи околу 100 м. поплочен пат (31 + 4 м. + 19м + 19 + 21 м.). Калдрмата е видлива на патниот правец кој од Радожда благо се качува со ѕиг-ѕаг во правец на запад на падините на планината Јабланица кон преминот Ќафасан. Уште е одржан во одлична состојба.

Широчината на патот варира од 2,40 до 3 метри. Рабовите на коловозот се означени од ред големи плочи од измазнети и рамни камења. Карактеристиките на оваа делница се изедначени, според Битракова, со остатоците од калдрмата идентифицирани од Пикевил, од Прашникер, од Чека и од Папајани во зоната на албанскиот регион.[1157]

196) Пукевил видел меѓу манастирот Света Богордица во калиште и Струга траги од стариот пат.[1158]

197) Меѓу Струга и Калишта трагите од патот биле видливи во малку длабоките води на езерото.[1150]

8.3. Станици во изворите на итинерариите

198) Клауданон. Станица за промена на запргеи спомената од самиот Итинерариум Бурдигаланзе (607,6). Била барана на 4 м.п. од Патра или пак на југо-запад на Калиште а попрецизно, врз основа на оваа оддалеченост, во близината на селото Радожда.[1160] Милер ја лоцира во близината на езерото но без да предложи точно место.[1161] Идентификацијата предложена од Хамонд во близината на Ораке, оддалечена околу 35 км. од Охрид,[1162] не се совпаѓа со растојанието (16 m.p.) присутно во изворот на итинерариумот.[1163]

199) Патрс. Стани за промена на запреги спомената од самиот Итинерариум Бурдигаланзе (607,5) што ја поставува на 12 m.p. од Лихнидос (станиицата Кледо во изворот на итинерариумот). Сигурно е поставувањето на запад од реката Дрим. Според Милер треба да се бара во околината на Калишта.[1164] Ако се прифати претпоставката дека стариот пат сега е потопен, би требало да е сместена, врз база на споменатото растојание од изворот на итинерариумот, кај манастирот

Света Богородица во Калишта, во близина на селото кое го моси истото име.[1165]

8.4. Топоними

200) Киша (Kisha). Топоним сретнат на еден натпис на југ од Ќафасан. Адам мисли дека тој не означува црква, во чијашто близина можел да минува патен правец, туку едно едноставно едно место за угледување[1166].

## 9. ПАТОТ МЕЃУ ОХРИД И БИТОЛА

Карта J $F^0$, 4-B

Патот го напушташе Охрид следејќи, веројатно, еден патен правец уништен од главниот пат на денешен Охрид, улица Стара Чаршија (улица на стариот пазар), и од улица Седми Ноември. Поминува вдолж северо-западните падини на ридот зад градот, а потоа ја пресечува во правец северо-исток малата рамница што ја поплавува потокот Опеница, насочувајќи се кон селото Косел, сместено на 8 км. од Охрид. Патниот правец одел по оваа делница, задржувајќи се на 400 м. на запад од модерниот пат и може да се препознае на една авионска фотографија. Од Косел стариот пат оди по нагорнината вдолж тесното грло на реката Даљан следејќи ја десната страна до преминот Опеница.[1167] Од овој локалитет патот, не оддалечувајќи се од модерниот патен правец, повторно ги слегуваше стрмните источни падини на планината Барнунтус, преку коритото на Голема река минувајќи, по еден патен правец наметнат од морфологијата, по Прентов Мост, манастирот Свети Спас, за да стигне на подножјето на селото Крущје, поставено на половина пат меѓу Охрид (Лихнидос) и Битола (во чијашто близина е Хераклеја). Удолницата продолжуваш од ова место, минувајќи преку една голема долина од стрмни прегради и стигнува во Избиште. Значи, продолжува по должината на долината на Голема, до Јанковец. На овој потез на една воздушна фотографија е видлива една калдрма на патот, заштитена од двете страни со рабници, што открива еден тек на патот во правец на југ, веднаш западно од модерната траса. Од Јанковец патот води по една долга удолница во една област денес зафатена со модерниот град Ресен, значаен патен јазел сместен на северната страна на една богата висорамнина на север од

Преспанското Езеро. Од Ресен патот се насочува, речиси по права линија и постапно се качува на котата на превојот Ѓавато (1.179 м.н.в.) што е вододелница меѓу басенот на Преспанското Езеро и оној на реката Шемница и Црна Река.

Спуштањето од превојот, преку реката Братиндолска откако ќе стигне покрај Пелистер изгледа многу стрмно. На својот крај патот стигнува во една месност близу до модерното село Кажани. Од Кажани, античкиот итинерариум продолжува праволиниски до Цапари, опишувајќи една кривина за Ротино и Трново, поминувајќи низ една територија и денес населена со Власи. Од Трново стариот пат се држи веројатно кон блиските падини на планината, минувајќи низ Дихово, Брусник. Лавци, Сонијкола??? и така стигнува до Буково, кад што Хераклеја е пронајдена на трагите од еден акропол на едно ритче.

Податоците обезбедени од изворите на итинерариите за оваа делница се прилично се поврзани меѓу себе. Античкиот Итинерариум фактички не обезбедува со податоци било за патот 318,4-319,1 било за оној 329,10-330,3, едно растојание меѓу licnido/lignido и Heraclea/Heraclia еднакви на 45 m.p. Во поглед на овој податок се оддалечува одвај една миља Итинерариумот Бурдигаленсе 606,9-607,4 кој дава податок од 44 миљи меѓу двете населби Cledo и Heraclea. Се работи за податоци кои не се оддалечуваат од растојанието на модерниот пат меѓу двата центри, Охрид и Битола, што е од 65 км., поточно 44 m.p.. Податоците од Појтенгеровата карта не се компатибилни со претходните податоци од кои не се покажува само изгубено името на станицата оддалечени XVI m.p. од Lignido но самата линија од патниот правец изгледа прекината. Но, ќе биде запишано на Картата на една извесна оддалеченост на десната страна на прекинот бидува пренессена станицата Nicea оддалечена оддалечна XI m.p. од Хераклеја како станицата Nicia од Античкиот Итинерариумот 318,5, околност која би не терала да претпоставуваме доколку не се изгубат податоците за крајната оддалеченост, таа би била аналогна на онаа од другите пишувани итинерарии. Хамонд смета дека нема доволни причини за корекцијата

поднесена од Милер, следена од Флус[1169], за оддалеченоста навдена во Ант. Итинерариум 329,10 од XXVII до XVII, со соодветно смалување на целосното растојание на овој итинерариум на 35 m.p., со убедување дека Nicea, Castra и Parembole се различни имиња за една единствена станица кои лежат на две паралелни места на патот. Спојувајќи ги итинерариумите ја имаме следната секвенца; 13 p.m. по Lychnidos бил станицата за промена на запреги Bricida (It. Burd. 607,2), 3 m.p. по месноста изгубена од Појтингеровата Карта (VI, 5), 11 m.p. по Scirtinia (It. Ant. 330,1), finis Macedoniae et Ephyri, или пак Epiri, (It. Burd. 607,3), 5 или 6 m.p. станицата Perembole или Castra, неговиот латински еквивалент (It. Burd. 607,1 и It. Ant. 330,2) 1 m.p. по Nicia (It. Ant. 318,5 и Појтенгировата Карта VI,5) и 11 m.p. наелбата Heraclea (It. Ant. 319,1 и Појтенгировата Карта VII,[1.1170]

Од Страбон научуваме дека границата меѓу Илирикум и Macedonia била зацврстена на Пилоне. Во 333 година по Христос, патник од Бордо регистрирал една поинаква состојба: граница меѓу Илирикум и Мацедониа. Таа требало во тоа време да не минува во Пилоне, туку на некое друго место на запд од станицата Бручида. Со оглед на тоа што анаонимниот Равеннате (195.13-16) ги наведува станиците Хераклеја, Никеа, Праезидиум и Финес, ако повторно не извади дека Финес била сместена на запад од Праезидиум, латински превод на Паремболе (Itin. Burd. 607,1) сместена во свое време на 12 m.p. од Хераклеја. Најадекватно место за Финес според Хамонд е превојот Ѓавато.

## Картици

### 9.1. Археолошки докази

#### 4.1.1. Населби

4.1.1.1. Предримски населби

**201)** Ресен. Натпис на една мермерна плоча (88x62x10) пронајдена кај црквата Св. Кирил и Методиј во текот на изведување работи на реконструкција. Носи македонски датум од есента на 218 година. Од испитувањето на натписот се заклучува дека постоел еден град чиешто име, меѓутоа, не е познато.[1171] На истото место, бидува предупредено од фон Хахн на еден натпис на којшто еден дел од текстот бил изгубен.[1172]

**202)** Стрежево. На локалитетот кале, во близина на селото, на една висока тераса на реката Шемница била откриена една хелинистичка акропола.[1173] Населбата има димензии од 150 x 130 метри и е заградена од една порта од северо-источната страна, заштитена со една четириаголна кула. Потоа на истото место се сместила една доцно-античка утврдена населба.

**203)** Хераклеја. Најголем и можеби единствен вистински урбан центар на (грчки збор).[1174] Бил, речиси, сигурно формиран,[1175] како што открива неговото име, од Филип втори. Beloch[1176] претпоставувал дека датумот на формирањето на градот треба да биде пред првата Филипика на Демостен[1177] (349 година пред Христос) во која се наведува основањето на од страна на кралот на одделни градови во Илирија. Именуван е од Птоломеј.[1178] Бидува спомнуван од Страбон[1179] во врска со Виа Егнација. Во римската епоха својот напредок ѝ го должи на поволната местоположба во пограничната зона меѓу Илирикум и Македонија, на крстосницата на Виа Егнација со големата балканска трансферзала која го поврзува Солун со Viminacium. Градот бил идентифициран уште во текот на деветнаесеттиот век во видливите антички остатоци на околу 2 км. од Битола[1180] иако меѓу одделни научници[1181] постоле спротивни мислења кои, меѓутоа, дефинитивно спласнаа по откривањето на еден декрет на Сеттимо Аурелио во Битола во 1959 година упатен на граѓаните на Хераклеја.[1182] По првите

ископини што се случија во 1936 и 1938[1183], систематските истражувања започнаа 1959 година.[1184] Меѓу позначајните откритија: терми, римски портал со статуи, почесни бази и посвети, театар, две старохристијански базилики (5 в. по Христос) во подови од мозаик,[1185] епископска палата, еден дел на ѕидини со кула и порта.[1186]

Историски настани:

I век пред Христос.

Од Цезар била назначена во делото “За граѓанската војна“ (De bello civili).[1187]

48 година пред Христос. Помпео во овој локалитет го сретнува Акорнион, амбасадор на кралот на Дачите Boirebista, дојден да му предлга договор за сојузништво.[1188]

I век по Христос.

Бројните натписи на латински јазик откриени во градот сугерираат постоење на една компактна заедница на Римјани и Итали.[1189]

II век пред Христос.

Ја добива името Септимиа Аурелиа Ираклиа.[1190]

IV век по Христос.

Владиката Евагрио од Хераклеја учествува на Концилиумот на Сардињанците во 343 по Христо.

V век по Христос.

Владиката Квинтилус присуствува на концилумите во Ефес (449 година по Христос) и во Калкедонија (451 година по Христос) како заменик на архиепископот на Солун.

482 година по Христос. Заедно со градовите на Ботиаја и на Лариса во Тесалија, веројатно паѓа во рацете на Остроготите.

VI век по Христос. Владиката Бенињо во 553 година учествува на Концилиумот во Константинопол и го зазема, како вице агенс на архиепископот на Солун, седмото место во хиерархијата на членови на Концилиумот. По овој датум во документите повеќе не се зборува за

градот кој веројатно бидува совладан заедно со другите македонски градови од нападите на Словените.

1.9.1.1.2. Населби од римската епоха

**204**) Горно Лакочереј. Во локалитетот Горица, на 500 метра од северо-изток на селото е пронајдена една зона со земјени и архитектонски фрагменти што се протега на повеќе хектари, а на запад од истиот локалитет некои гробишта. Овде се претпоставува дека постои на еден богат vicus од империјалната римска епоха.[1191]

**205**) Велгошти. Во локалитетот Црвеница на северо-западната периферија на селото мал гроб и пронајдоци на монети кои што не враќаат во III и IV век по Христос. На месноста На Лазој на југо-исток од селото била идентифицирана една мала поставка на гробишта што може да се датираат од III-IV век по Христос. Во локалитетот Кулиште, Олмек, на 1,5 км. на југо-исток од селото се откриени остатоци на една мала тврдина на планината со една кула (6 x 6 м.) што потекнува од доцноантичката епоха.[1192]

206) Опеница. На локалитетот Лазиште на 1 км. на северо-запад од селото се откриени бројни фрагменти од керамика и од мермер. Во месноста Старечки Дол на 2 км. на северо-исток од селото зад Виа Егнација индивидуализирани се траги од тунел од античко рударско окно. На локалитетот Ралејца на околу 3,2 км. на северо-исток од селото се пронајдени три фурни за топење (олово и сребро) и шљака од работењето. Остатоците можат да се датираат од империјалната епоха.[1193]

**207**) Евла. Индивидуализирани се остатоци од ѕидови на една височинка сместена на околу 3 км. на запад од селото во близина на патот кон басенот на Охрид. Во внатрешноста керамички материјал од

доцниот римски период. Се работи за една, веројатно, римски тврдина од доцно-античката епоха.[1194]

**208**) Козјак. На овој локалитет, поточно на север од црквата Св. Ѓорѓија, на местото наречно Стари Козјак, била открина Баргала, град од доцно-античката епоха, град со еден натпис што ја споменува изградбата на една градска порта во 371 година пред Христос.[1195] Според овој натпис, Баргала секогаш претставувала дел од проинцијата на Дачиа Медитеранеа. Во 451 година по Христос била спомаката во актите на концилиумот во Калкедониа како епископско седиште што претставувало дел од Македонија. На крајот на 5 век по Христа Хиероклеа се именува меѓу градовите на Македонија втора. Тука се пронајдени остатоци од ѕидишта и една базилика. Пронајдените предмети и монети се од 4 до 6 век по Христос. Другите пронајдоци, меѓу кои бројни статуи, се откриени во месноста Бандера, додека во месноста Турско Гробиште остатоци од основи на една старохристијанска црква, а во месноста Ласкац урнатини кои тераат на размислување за постоење на една селска вила од доцаната антика. На крајот, во месноста Кадин Рид[1196] е откриена една малечка империјална населба.

**209**) Маловиште. Во центарот на селото се излезени на видело остатоци од антички градби, пронајдоци на монети коишто тераат на размислување дека имало една малечка планинаска населба која може да се датира меѓу II и IV век по Христос.[1197]

**210**) Лера. Во месноста Горно Кале, на 1,5 км. од селото, над долината на реката Шемница. На врвот на едно ритче видлива е една ограда од ѕид со еден простран шанец. Во внатрешноста на оградата материјал од доцна керамика. Веројатно римска населба од епохата на доцната антика со утврдување (*castellum)* и скривница за жителите од околината.[1198]

**211**) Доленци (во близина на Кажани). На 500 м. на југ од селото, на локалитетот Кале се наоѓаат остатоци од еден римски логор (castrum) откриени 1928 година со димензии од 120 x 125 м. Ѕидините се од камења со тркалезни балкони на страните и полукружни балкони на три страни. Била предложена идентификација со *Castra Parembole*.[1199] Во внатрешноста на каструмот има градби со мозаички подови меѓу кои една што се смета за претставништво. На исток од тврдината се пронајдени траги од една цивилна римска населба.

**212**) На врвот на едно ритче на запад од селото Гопеш се индивидуализирани остатоци од ѕидишта. Покрај тоа овде е виден и втиснат еден латински натпис.[1200]

**213**) Горно Српци. На локалитеот Грмадиште, на околу 1 км. на југо-запад од селото, е откриено едно светилиште со египетски божества што се датира од првите векови на империјата што тера да на претпоставки дека постоел предел на една прилично цврста и уште непозната населба.[1201] Од истиот локалитет е еден двојазичен епитаф на еден центурион на coorte I Flavia Bessorum што потекнува од 3 век по Христос.[1202]

**214**) Крклино. На локалитетот Св. Илија, на околу 600 метра на југ од селото, на едно височрамнинче на еден рид се откриени остатоци од антички градби, делови од керамиди, монети што се однесуваат на 4 век по Христос.[1203]

**215**) Раштани. Во локалитетот Кале, на врвот на планината што го контролира патниот правец на Виа Егнација, 1,5 км. на југо-запад од селото, се индивидуализирани остатоци од ѕидини што се однесуваат на една мало римско прибежиште.[1204]

9.2. Станиците во изворите на итинерариите

**216**) Бруцида. Станица за промена на запреги. Спомената во Ит. Бурдигаленсе (607,2). Во епохата на доцната антика означувала граница меѓу Македонија и Епир. Оддалечена 13 m.p од Лихнидос. Општо мислење на научниците е насочено за идентификација во близината на селото Буково.[1205] Претпоиставуваме дека е спомената пред границата. Папазофлу смета дека може да постои некој однос меѓу името на statio и името на градот Вригиа -грч.(Вригиас[1206] Вригион) и на племето Бриги Вригес[1207], едно античко население чиишто траги се среќаваат на различни места меѓу Јадранот и Егејот. Посебно македонските Бриги се напоменуваат во еден пасус на Страбон што го опишува текот на Црна Река[1208], како блиски на Линкестите и на Дериопите. Врз основа на таа индикација Папазоглу предлага да се индивидуализира терироријата во планинскиот регион на југ од Демир Хисар, меѓу Дериопите на исток и Пенестите на запад.

**217**) Сциртиана. Statio (mutatio) меѓу Лихнидос и Хераклеја цитиран од Ит. Ант. (330,1) дека е сместаен на 6 m.p. на запад од Castra. Растојанијата не водат во месноста Макази кај селото Козјак од каде што тргнуваат два модерни патни правци кои го поврзуваат Преспанското Езеро со патот Битола-Ресен. Топонимот Scirtinia се смета дека е изведен од Scirtus или Scirtius, име на човек што може да биде поврзано со етнинимот Skirtones[1209] или Scirtari[1211] и, според Miller може да се смести во Крушје. Папазоглу[1212] го идентификува во близината на Ресен, додека Микулчиќ го локализира на 4 км. на југо-исток од Ресен.[1213]

**218**) Nicea. Statio (mutatio) сместена, според Ит. Ант. (318,4), а според Појтигеровата Карта на 11 m.p. од Хераклеја. Kiepert нсметал дека Nicea треба да се бара во близината на сегашното село Кажани.[1214]

Милер, меѓутоа, смета дека постојат два паралелни патишта меѓу Хераклеја и Лихнидос. Фанула Папазоглу мисли дека со ова име е означено местото каде била станицата каде имало една римска населба. Не оже да се искллучи дека може да се работи за локалитетот Грамадиште кај Горно Српци, недалеку од Доленци каде што била откриена една некропола и еден натпис од раната империјална епоха. Еден друг пат од Ит. Ант. (330,2) ја наведува на 12 m.p. од Хераклеја станицата Castra. Понекогаш Ит. Бурд. (607,3) употребува за истиот локалитет[1215] македонски термин Паремболе што означува постојана населба и што е еден топоним кој се наоѓа како во Египет така и во Индија.[1216] Името би наведувало на една македонска задужбина и е предложено да се идентификува со селото Горно Српци каде што е откриено едно светилиште со египетски божества кое може да се датира со првите векови на Империјата.[1217] Станицата според Папазоглу би била сместана на крајот на општинската територија што може уште да се идентификува.[1218]

**219**) Castra. Statio Castra би требало да се совпаѓа врз основа на растојанието и со името цо станицата за промена на запреги (mutatio) Паремболе. Се мисли дека може да биде сместена во близина на Кажани, а поточно кај Доленци каде што Вулиќ во 1928 има откриено една римска тврдина од доцно-античкиот период.[1219]

9.3. Топоними

**220**) Барнус. Топоним именуван од Страбон во однос на Виа Егнација,[1220] според некои научници би можело да означува не само име на една планина, но и на еден град што може да се смести меѓу Хераклеја и Пилон.[1221]

**221**) Tsitae. Власите што живејат во близина на Гопеш вака го викаат врвот на еден рид на запад од селото каде биле видливи ѕидини.[1222]

**222**) Тумба, Месност 2 км. југоисток од Доленци.

9.4. Аномалии на авионските фотографии

**223**) Меѓу Избиште и Јанковец.

-------------------------------------------------------------------------

[1123] F.C.H.L. Pouqueville,*Voyage dans la Grece,* Paris, 1820, III, p. 63.
[1124] I. G. von Hahn, "Reise durch die Gebiete der Drin und Wardar", *Denkschriften der Kais. Akad. Der Wissensch.,* XVI (1867-1869), p. 166; J. Cvijic, Osnovi za geografije i biologije Makedonije e i Stare Srbije, III, Beograd, 1911, p. 700-701. Овие вести се поврзани со неодамнешните археолошки истражувања кои разјаснија дека нивото на езерото порано било пониско. Потврда на бавното потонување на бреговите на езерото е утврдена од положбата на бункерите од армиран бетон, изградени за времето на комунистичкиот режим, кои денес изгледаат полупотопени од водите. Поинакво е мислењето на O. Sullivan кој мисли дека во античко време нивото на езерото било повисоко и пошироко, пред сè, на северниот крај на сегашната рамнина. Според тоа научникот мислел дека преминувањето на Црн Дрим во однос на Струга било многу повеќе на север на еден локалитет кој има грчки топоним *Енлахон,* за водата. O. Sullivan, *The Egnatian Way,* Newton Abbot, 1972, p. 60.
[1125] R. Dankoff-R. Eslie, *Evliya çelebi in Albania and adjacent regions: Kosovo, Montenegro, Ohrid,* The relevant sections of the Seyahatname edited with translation, commentary and introduction, Leiden, 2000, p. 196-197.
[1126] J.M.F. May, Macedonia and Illiria (217-167BC)", *IRS,* 36 (1946), p. 48-56; AA.VV., *Tabula Imperii Romani, K-34* (Naissus Dyrrhachion Scupi Serdica Thessalonike), Ljubljana, 1976, (TIR, Naissus), p. 48; R. J. A. Talbert, *Barrington Atlas of the Greek and Roman World,* Princeton, 2000, Illyricum map 49, map-by-map directory, volume II, p. 752.
[1127] L. Heuzey-H. Daumet, *Mission archéologique de Macédoine,* Paris, 1876, p. 344 n° 145; *CIL,* III, 711=7363.
[1128] K. Miller, *Itineraria Romana. Romische Reisewege an der Hand der Tabula Peutingeriana,* Stuttgart, 1916, Strecke 50, c. 520, fig. 16.
[1129] L'Hammond го идентификува Патрас со Радожда кој е сместен на антички патен правец покус од оној модерниот на 24 км. од Охрид. N.G.L. Hammond, *A history of Macedonia* v. I, Historical geography and prehistory, Oxford, 1972, p. 28, map 4.
[1130] V. Bitrakova Grozdanova, "Виа Егнатиа меѓу Лихнидос и Понс Сервилии (нови археолошки докази)", *Ancient Macedonia (APXAIA MAKEAONIA)* VI, Thessaloniki, 1996 (1999), p. 157.
[1131] N. Ceka-L. Papajani, [Nota 340], p. 90.
[1132] AA.VV., *Shqiperia Arkeologjike,* Tirane, 1971, p. 10 n° 126, 127, 128, 129. V. Bitrakova Grozdanova, "Виа Егнатиа меѓу Лихнидос и Понс Сервилии (нови археолошки докази)", *Ancient Macedonia (APXAIA MAKEAONIA)* VI, Thessaloniki, 1996 (1999), p. 157.
[1133] V. Bitrakova Grozdanova, "Виа Егнатиа меѓу Лихнидос и Понс Сервили (нови археолошки докази)", *Ancient Macedonia (APXAIA MAKEAONIA)* VI, Thessaloniki, 1996 (1999), p. 157.

[1134] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 154.
[1135] N. Vulic, *Spomenik*, LXXI, p. 222 n. 591; N. Vulic, *Spomenik,* XCVIII, p. 234 n$^{o}$ 466; AA.VV., *Tabula Imperii Romani, K-34* (Naissus Dyrrhachion Scupi Serdica Thessalonike), Ljubljana, 1976, *(TIR, Naissus),* p. 121.
[1136] Polib 5.108.8; N.G.L. Hammond, N.G.L. Hammond, *A history of Macedonia* v. I, Historical geography and prehistory, Oxford, 1972, p. 94.
[ll37] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 159.
[ll38] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 157.
[1139] N.G.L. Hammond, *Epirus,* Oxford, 1967, p. 437 segg.; L. Popovic, *Katalog Nalaza iz Nekropole Kod Trebenista,* Belgrade, 1956.
[1140] V Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 159.
[1141] *TIR Naissus,* [Nota 855], p. 81-82.
[1142] V Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 154.
[1143] Polib 18, 47; Liv., XXXIII, 34.
[1144] Заклучна околност од еден натпис. N. Vulic, *Spom,* LXXV, n. 174.
[1145] Malch., *Byz.,* 18.
[1146] Prokop., *Hist. Arc.,* 60, 18.
[1147] *TIR Naissus* [Nota 855] p. 81-82.
[1148] N. Ceka-L. Papajani, [Nota 717], p. 105
[1149] N Vulic, *Spomenik,* LXXI, p. 222 n. 590; *TIR Naissus* [Nota 855] p. 105.
[1150] D Koco, *Zbornik na trudovi,* Ohrid, 1961, p. 16-38; *TIR Naissus* [Nota 855] p. 105.
[1151] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 157.
[1152] W. Unverzagt, "Die Burganlage über dem Kloster Sv. Erazmo am Ochrida-See", *Germania,* 32 (1954), p. 2; *TIR Naissus* [Nota 349] p. 95. V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 159.
[1153] V. Bitrakova Grozdanova,, [Nota 1133], p. 155.
[1154] L. Heuzey-H. Daumet, [Nota 339], p. 344, n$^{o}$ 144 bis; H. Fanshawe Tozer, *Researches in the Highlands of Turkey,* I, p. 198; *CIL,* III, 711 7363; M. Dimitsas, *H Makedovia,* I-II, Athènes 1896, p. 365 segg., n$^{o}$ 358; 1871. P. Collart, "Une réfection de la 'Via Egnatia' sous Trajan", *BCH,* 59 (1935), p. 401-402 n$^{o}$. 5; N.G.L. Hammond, [Nota 854], p. 28; O. Sullivan, *The Egnatian Way,* Harrisburg, 1968, p. 143 n. 1;. Collart, "Les milliaires de la via Egnatia", *BCH,* 100 (1976), p. 198-199.
[1155] V. Bitrakova Grozdanova,, [Nota 1133], p. 154.
[1156] L. Heuzey-H. Daumet, [Nota 339], p. 344, n$^{o}$ 144 bis; H. Fanshawe Tozer, *Researches in the Highlands of Turkey,* I, p. 198; *CIL,* III, 711 7363; M. Dimitsas, *H Makedovia,* I-Il, Athènes 1896, p. 365 segg., n$^{o}$ 358; 1871. P. Collart, "Une rdféction de la 'Via Egnatia' sous Trajan", *BGH,* 59 (1935), p. 401-402 n$^{o}$. 5; N.G.L. Hammond, [Nota 854], p. 28; O. Sullivan, *The Egnatian Way,* Harrisburg, 1968, p. 143 n. 1;. Collart, "Les milliaires de la via Egnatia", *BCH,* 100 (1976), p. 198-199.
[1157] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 155-156.
[1158] F.C.H.L. Pouqueville,*Voyage dans la Grece,* Paris, 1820, III, p. 63.
[1159] V Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 155-156.
[1160] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 157.
[1161] K. Miller, [Nota 1042], p. 519, frg 161.
[1162] N.G.L. Hammond, [Nota 806], p. 186-194.
[1163] V. Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 157.
[1164] K. Miller, [Nota 1042], c. 218-219, fig. 161.
[1165] V Bitrakova Grozdanova, [Nota 1133], p. 157.
[1166] J. Adam, [Nota 691], p. 47.
[1167] von Hahn стигна во Охрид за три часа, употребувајќи "летниот пат".
[1168] von Hahn слезе по надолнината за два часа.
[1169] *(RE,* 2A, 1921, 826).
[1170] Географот Ravennate (196.13) ја препишува Heraclea, Nicea, Praesidium.
[1171] F. Papazoglou, "Градовите на Македонија во римската епоха", *BCH,* Suppl. XVI, Paris, 1988, p. 271.
[1172] I. G. von Hahn, "Reise durch die Cebiete der Drin und Wardar", *Denkschriften der Kais.*

*Akad. Der Wissensch.*, XVI (1867-1869), p. 353, n. 16; M. Dimitsas, *H Makedonia,* I-II, Athènes 1896, n. 282.
1173 F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 269.
1174 F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 259. Територијата на Линкестите според Папазоглу се простирала на југ до теснецот на Кирли Дервен преку кој регионот бил поврзан со l'Eordea. На запад границите на Линкестида не се сигурни иако изгледаат природно означени од планините Баба, Бигла и Плакенска. Алувиалната рамница на Ресен која е поврзана со Хераклеја преку превојот Ѓавато сочинувала многу евидентно една многу различна етничка и политичка зедница. Ead., [Nota 1171], p. 267-268
1175 Грчки текст “Steph. Byz., s.v. "Herakleja"
1176 J. Beloch, *Cr. Gesch.*, III, 1, p. 528.
1177 Demosth *Phil.*, I, 48.
1178 Ptol. III, 12, 30. Herakleja
1179 5trab., VII, C 323.
1180 T. L. F. Tafel, *eo via militari romanorum, Egnatia, qua Illyricum, Macedonia et Thracia iungebatur,* dissertatio geographica. Praefatio, Prolegomena, Pars occidentalis, Porte Orientali, Tubingae, 1841-1842, Pars occidentalis, p. 40; L. Heuzey-H. Daumet, *Mission archeologique do Macédoine,* Paris, 1876, p. 300 segg.; различни се претпоставките што се однесуваат на Leake (Florina) e Desdevises-du-Dézert (Monastir=Bitola). W. M. Leake, *Travels in Northern Greece,* I-IV, London, 1835[1841], I, p. 281 segg.. Th. Desdevises-du-Dézert, *GIographie ancienne de ha Macédoine,* Paris, 1863, p. 314.
1181 Во Лерин, според Kéramopoullos. A. Kéramopoullos, *ArchEph,* 1933, p. 60 segg..
1182 *BCH*, 85 (1961), p. 162.
1183 M. Grbic, *Bericht fiber den VI Intern. Kongressf Arch.*, (Berlin 1940), p. 180-181.
1184 F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 261.
1185 G. Tomasevic, *Herakleja,* II(1965), p. 9-63, p1. I-XVIII.
1186 F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 261.
1187 Caes, *B.C.*, III, 79, 3.
1188 Decreto di Dionysopolis sul Ponto *I.G.*, Bulg. I, n. 13.
1189 F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 263-264.
1190 F. Papazoglou, *BCH*, 85 (1961), p. 162.
1191 AA.VV., [Nota 855], p. 58, VI f.
1192 AA.VV., [Nota 855], p. 130, VI f.
1193 N. Vulic, *Spomenik,* LXXV, p. 59 n. 179; P. Lisicar, Ziva antika, 3 (1953), p. 251
1194 AA.VV., [Nota 855], p. 51, VI f.
1195 I. Venedikov, “Bargala”, *Razkopki i proucvanija* (Predistoriceski i starovekoven otdel), 1 (1948), p. 82-98.
1196 AA.VV, [Nota 855], p. 22, VI f..
1197 AA.VV., [Nota 855], p. 84, VII f..
1198 AA.VV., [Nob 855], p. 78, VII f..
1199 N. Vulic, *Spomenik,* LXXI (1931), p. 22 segg.; M. Crbic, “Arheoloski naogjalista vo Makedonija”, *Glasnik no Muzejsko-konzervatorskoto drustvo na Narodna Republika Makedonija,* 1 (1954), p. 120, VII f.; AA.VV., [Nota 855], p. 34.
1200 Wace Woodward, *ABSA,* 18 (1911-12), p. 176.
1201 T. Janakievski, *MacActa Arch,* 2 (1976), p. 189-204.
1202 H. C. Pflaum, *Ghiron,* 4 (1974), p. 453 segg.
1203 AA.VV, AA.VV., [Nota 855], p. 75, VII f.
1204 M. Crbic, “Arheoloski naogjalista vo Makedonija”, *Glasnik no Muzejsko-konzervatorskoto drustvo no Narodna Republika Makedonija,* 1 (1954), p. 120, VII 1.
1205 Oberhummer, s.v. “Brucida”, *RE,* III, 899; K. Miller, *Itineraria Romana. Romische Reisewege an der Hand derTtobula Peutingeriana,* Stuttgart, 1916, Strecke 50 c. 520; Fanoula Papazoglou, “Les villes do Macédoine a l’époque romaine”, *BGH*, Suppl. XVI, Paris, 1988, p. ???. AA.VV., *Tabula Imperii Romani, K-34* (Naissus Dyrrhachion Scupi Serdica Thessalonike), Ljubljana, 1976, (TIR, Naissus), p. 30, VI f.; R. J. A. Talbert, *Barrington Atlas of the Greek and Roman World,* Map-by-Map Directory, Volume II, Princeton, 2000, p. 751.

[1206] Бригите биле соседен народ на Илирите. Steph. Byz., s.v. “Brgias”.
[1207] Според Страбон Бригите живееле во близината на parthini и на рудниците Дамастион. Strab., VII, *7, 7,* C 326.
[1208] Strab, VII, *7,* 8, C 327.
[1209] Ptol II, 16, 5
[1210] Plin., N.H., III, 143.
[1211] K. Miller, *Itineraria Romana. Romische Reisewege an der Hand der Tabula Peutingeriana,* Stuttgart, 1916, Strecke 50 c. 520-521;
[1212] F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 270.
[1213] F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 270.
[1214] H. Kiepert, *Formae orbis antiqui,* XVI, 17, 1894.
[1215] Идентитеот на трите станици е откриен од Heuzey и Vulic. L. Heuzey-H. Daumet, *Mission archéologique de Macédoine,* Paris, 1876, p. 330; Vulic, *Geografija,* p.9 segg..
[1216] Kalleris, *Los anciens Macedoniens,* I, p. 240 segg. Натпис од летото на 119 година по Христос (*ѓрчки збор),* 700, 1.20. Друга станица за ромена на запреги (mutatio) Parembole се пронаоѓа во It. Burd. кај Philippopolis in Thracia (568). Анонимниот Ravennate (195.15) Parembole го преведува со Praesidium.
[1217] T Janakievski, *MacActa Arch,* 2 (1976), p. 189-204.
[1218] F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 269.
[1219] AA.VV., [Nota 855], p. 34, VII f..
[1220] Страб. VII, C 323.
[1221] Oberhummer, s.v. “Barnus”, *RE,* III, c. 25; Geyer, *RE,* XIV, p. 660; N. Vulic, “Geografija Juzne Srbije u anticko doba", *Glasnik Skopskog naucnog drustva,* 19 (1938), *7;* F. Papazoglou, [Nota 1171], p. 256; AA.VV., [Nota 855], p. 22, VII f.,g; R. J. A. Talbert, *Barrington Atlas of the Greek and Roman World,* Map-by-Map Directory, Vlume II, Princenton, 2000, p. 751.
[1222] Wace Woodward, *ABSA,* 18 (1911-12), p. 176.